Маргарита ПЕШЕВСКА

**УДК: 325.4(59:6)**

# БОРБАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА НАРОДИТЕ НА АЗИЈА И АФРИКА ОД КОЛОНИЈАЛНА ВЛАСТ

***Кратка содржина***

*Антиколонијалните борби биле организирани од народите во колониите и зависните земји за нивно ослободување. Основната одлика на овие антиколонијални движења, била борбата против колонијалните власти, насочени кон создавање на национални држави со ангажирање на сите општествени сили подготвени да земат учество за реализација на оваа цел.*

*Колонијалниот свет никогаш не бил единствена целина, ни како колонијален, ни како општествен систем. Тој се разликувал, по формите и методите на колонијалното управување, се остварувал од различни општествени структури, поради што и процесот на деколонизација се развивал нерамномерно, зависно од општествените услови во светот. На него дејствувале силите на антиколонијализмот кои се залагале за задржување на привилегиите. Но, процесот на деколонизација не можеше да се запре по Втората светска војна кога и почна масовно ослободување на земјите и народите од вековната колонијална власт.*

***Клучни зборови:*** *КОЛОНИЈАЛИЗАМ, АНТИКОЛОНИЈАЛИЗАМ, ДЕКОЛОНИЗАЦИЈА, ООН, КОЛОНИЈАЛНИ СИЛИ.*

Борбите на народите за ослободување од колонијализмот на различни територии имале различни специфичности освен културните и верските традиции кои биле користени како методи во борбата. Карактеристичен пример е борбата на индискиот народ против британската власт, кога слободата на Индија била добиена преку „граѓанска непослушност“. Колонијалните сили оцениле и станале свесни дека класичниот колонијализам не ги задоволувал економските интереси, па затоа тие го изгубиле интересот за одржување на власта во овие земји на стариот класичен начин. Затоа, некои почнале да го признаваат правото на самоопределување на народите и ослободување на колониите, иако ретки биле земјите кои се

помириле со напуштање на колонијалните поседи без борба. Значи, мнозинството земји давале отпор против немирите на колонизираните народи за ослободување, а деколонизацијата зависела од економскиот развиток на земјите и општествените стуктури. Борбата на народите почнала во империјалистичката фаза на капитализмот, за да земе поголем замав во современото општество. Ослободителното движење се интензивирало во текот на Втората светска војна кога поголем дел од народите сакале преку вклучувањето во војната на страна на Антихитлеровската коалиција да добијат независност по војната.

Силното антиколонијално движење во текот на војната ја забрзало кризата на класичниот колонијализам. „Колонијалните сили се нашле пред самото движење на поробените народи од кои многу со оружје во рака барале слобода, ама и пред бројни други сили кои и покрај идеолошко-политичките разлики кои ги разединувале, биле единствени во разбирањето дека елиминација на колонијалниот систем и односите на нерамноправност и експлоатација, претставуваат составен дел од општата борба за воспоставување на траен мир“.[1]

Повелбата на ООН дава право на народите за ослободување од колонијалната власт, а колониите, користејќи го тоа се обидувале да го остварат тоа право. Дел од колонијалните сили, а пред сè, САД се спротивставиле на рушењето на колонијалните царства. Користејќи ја ситуацијата во меѓународните односи предизвикана од „студената војна“, правдајќи се со цивилизациска улога, тврдеа дека тие народи не се во состојба да водат самостојна државна политика. Тие пропагираа дека на тие народи треба да им се помогне во секој поглед. Тие сметале дека преку помошта треба да се образуваат, да се воспитуваат и да се оспособат самостојно да ги водат државните работи. Но, „и покрај сите обиди да се запре процесот на деколонизација со класични и современи методи, од вооружена пресметка со народно-ослободителните движења, до создавањето на разни форми на партнерство со метрополите во поранешните колонии, народите во колониите се ослободувале еден по друг“.[2]

Во поголем број земји, на власт дошле приврзениците на колонијалниот режим, што било причина во овие земји да продолжи борбата во вид на крвави граѓански војни, кои економски ги исцрпува и така слабо развиените територии на поранешните колонии.

---

[1] А. Божовић, Колонијализам и неоколонијализам. Београд 1964, 11.
[2] Ibid, 22.

# ДЕКОЛОНИЗАЦИЈА НА АЗИЈА

Кина и Индија во минатото биле најразвиените земји во Азија и биле носители на светската култура и цивилизација. Но, како резултат на тоа што тие земји биле жртви на колонијализмот, тие денес се помалку развиени земји. Европските држави Холандија, Велика Британија, Португалија и Шпанија, во Азија имале големи поседи.

Ослободителното движење на народите на Азија се одвивало во три насоки и тоа:

1. Паназиско движење, иницирано од Јапонија;
2. Паназијатизам со кинеска ориентација;
3. Паназиско движење, под влијание на Индија.

Движењето иницирано од Јапонија имало за цел „ослободување на Азија од колонијално ропство и воспоставување на хегемонија од страна на Јапонија". За оваа цел биле организирани повеќе собири на кои се расправало за оваа идеја на Јапонија, како на собирот во Нагасаки во 1926 година и Конференцијата во Токио во 1943 година.

Јапонците особено биле активни во текот на Втората светска војна, а преку паролата „Азија на Азијатите" развиле пропаганда со која се истакнувало дека треба да се дојде до независност на државите. Но, подоцна народите разбрале дека и Јапонија има намера да ги стави под своја власт.

Идеен инспиратор на кинеската ориентација бил Сун Јатсен водачот на Куоминтангот (Народна партија). Тој се залагал за поврзување на Кина со другите народи. „Паназијатизмот кој јас го застапувам-истакнува Сун Јатсен – треба да го реши проблемот како угнетените народи на Азија треба да се однесуваат кон јаките нации на Европа и како угнетените народи треба да одговорат на таа неправда".[3]

Паназиското движење под влијание на Индија имало за цел да ги поврзе народите на Азија и Африка на културно и регионално поле. На чело на ова движење стоела интелигенцијата на чело со бенгалскиот поет Рабиндрант Тагоре. По стекнувањето на независност Индија ја напуштила таа идеја. Подоцна Индија преку движењето на неврзување повторно ја афирмирала таа идеја.Таа била иницијатор на две конференции во Њу Делхи на кои се расправало за ова прашање.

---

[3] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999, 107.

Идејата за ослободување од колонијалниот систем во Азија се јавила кај азиските студенти кои студирале во Европа. Меѓу нив се истакнуваат Сун Јатсен и Махатма Ганди. Тие во почеток настапувале поединачно, за да подоцна се организираат во заедничка борба за ослободување на Азија од колонизаторите.

На тој начин држави кои се ослободуваат од колонијалните власти се: Народна Република Монголија (1945); Филипини (1946); Индија (1947); Цејлон (1947); Бурма (1948); Индонезија (1949); Лаос (1949); Камбоџа (Кампучија) (1953-54); Виетнам (1954); Малезија (1957-63); Сингапур (1965).

По распаѓањето на СССР, се јавиле многу конфликти меѓу земјите кои сакале да се отцепат. Заедницата на независни држави, или како што се нарекува од некои западни аналитичари „Источен комонвелт" наиде на голем број тешкотии. Особено тоа е манифестирано кај народите кои го населуваат Кавказ.

Позначајни конфликти меѓу земјите кои сакаа да се одделат од Руската федерација беа:

– Дагестан и Чеченија;

– Русија и Ингушија и Осетија (конфликтот почнува во 1992 година околу областа Пригородни);

– Северна и Јужна Осетија. Во конфликтот кој прерасна во крвава војна загинаа 5.000 луѓе;

– Конфликт меѓу Карачаните и Черкезите;

– Конфликт во Кабардино-Балкарија (проблем со одвојување и формирање на две држави);

– Проблем со Абхазија и Грузија. Абхазија од 1810 година е во состав на Русија, во 1921 година таа влагла во состав на Грузија како автономна република. Абхазија е населена со стар православен народ. За време на Османската империја дел од него го прифатил исламот. Во времето на СССР, крајбрежието на Абхазија е наречено „рај на замјата". Прва војна меѓу Грузијците и Абхазијците почнува во август 1992 година. По распаѓањето на СССР, Белфаструзија и Абхазија прогласија независност. Грузија сака овој спор да го реши со сила, па нејзините тенкови влегле во Абхазија. Во оваа војна загинаа голем број на луѓе, биле рушени многу градови, голем број на бегалци ја напуштаат земјата. Руски мировници застанаа на границата меѓу Грузија и Абхазија, што требало да се искористи и по дипломатски пат да се реши статусот на Абхазија. Но, ништо не се направило од двете страни да се нормализираат односите. Во почетокот на судирот на страна на Абхазија се бореа Чеченците. Но, подоцна тие

застануваат на страна на Грузија. Русија застана на страна на Абхазија. Грузијците имале големи загуби од војска.[4]

– Таџикистан и Туркменистан е поврзан со авганистанските завојувани фракции;

– Нагорно Карабах кој е населен со христијани, кој е во конфликт со муслиманскиот Азејрбеџан;

– По распаѓањето на СССР веднаш избива долгогодишниот конфликт со Чеченија.

Карактеристичен пример кој покажува еден од начините во поново време како се раѓа нова држава е тиморскиот случај. Имено, жителите на Источен Тимор масовно излегле на распишаниот референдум за одвојување од Индонезија. Индонезија преку различни насилни методи се обиде да го спречи референдумот и не сакала Источен Тимор кој во 1975 година и припаднал да се одвои.

Источен Тимор, кој е населен со чисто католичко население, по 400 години португалска власт и 25 години насилна индонезиска управа, од страна на муслиманската популација, добил право преку референдум да се искаже за својата независност. Во време на владеењето на Сухарто во Источен Тимор загинале околу 200.000 луѓе. Иако Источнотиморците од наследникот на Сухарто, Ј. Б. Хабиби добиле право да распишат референдум, биле испратени војски кои го тероризирале населението. Меѓународната јавност испрати пораки до Индонезија да ги запре насилствата. Постоела опасност примерот на Источен Тимор да го следат и другите делови на Индонезија па и во светот.

Азискиот континент до денес има нерешени проблеми кои претставуваат опасност од избувнување на локални војни меѓу државите.

Спротивности има меѓу Индија и Пакистан, настанати по поделбата на Индискиот Потконтинент. Таму судирот почнува во 1947 година, по влегувањето на пакистанските сили во областа Кашмир, каде населението имало право да одлучи кон која земја ќе се приклучи, кон Индија или кон Пакистан. Индија одговорила со ангажирање на своите сили, меѓутоа била запрена благодарение на ангажирањето на ООН во 1948 година. Сепак не престанале зачестените инциденти, така што во 1956 година почна втора војна околу Кашмир. Имено на 1 ноември 1956 година Пакистан почнал операции против индиските војски, а судирот завршил со потпишување на договор за прекин на огнот. Третата војна се води во 1971 година околу областа

[4] Околу 10.000 луѓе умреле само во 1993 година.

Бангладеш т.е. Источен Пакистан. Властите презеле остри мерки против движењето на независност. Индиската армија победила во судирот и е создадена нова држава Народна Република Бангладеш која била под влијание на Индија.

## ДЕКОЛОНИЗАЦИЈА НА АФРИКА

Интересот на Европјаните за Африка започнал уште во античко време, но се засилил со развокот на капитализмот. Први колонизатори на Африка биле Португалците, а потоа Англичаните, Белгијанците, Французите, Германците и Италијанците. За проширување на своите колонии меѓу колонизаторите избиле судири.

Национално-ослободителното движење на Африка е поврзано со панафриканското движење. Основач на ова движење е Вилијам Бурхард ди Боа (1868-1964), кој раководел со него повеќе од педесет години. Тој бил член на КП на САД, а извесно време живеел и во СССР. Тој сметал дека народите на Африка треба меѓусебно да соработуваат во борбата за извојување на слобода, ценејќи дека проблемот на обоените е проблем на XX-иот век. Ди Боа бил организатор и на панафриканска конференција одржана во Лондон во 1900 година, како и на четири панафрикански конгреси одржани од 1919 до 1927 година.[5] На конгресите се барало" африканските и другите народи да се борат за политичко и економско ослободување, како и борба против африканскиот ционизам и расизам".[6] На Третиот конгрес била усвоена Декларација до светската јавност, во која било истакнато дека „апсолутна еднаквост на расите, политичка и општествена, е камен темелник на светот и човечкиот напредок".[7] Во 1937 година Ди Боа формирал интернационален панафрикански конгрес и го основал списанието „Панафрика".

Во време на Втората светска војна била формирана и панафриканска федерација која се залагала за укинување на расната дискриминација и за еднаквост на сите народи на Африка. Панафриканизмот извршил влијание и врз народите на Азија, а исто така и врз движењето на неврзување, а со тоа се зголемила и антиколонијалната борба во двата континенти.

---

[5] Во Париз во 1919 година; во Лондон во 1922 година; во Лондон и Лисабон во 1923 година и во Њујорк во 1927 година.

[6] Маргарита Пешевска, Op.cit.,115.

[7] Dušan Vcjnović, Panafrikanizam – istorijski koreni i razvitak. – Madunarodni radnicki pokret. (Beograd) XV/4 (1972), 83.

Пресвртница во оваа борба бил Петтиот панафрикански конгрес одржан во Манчестер во 1945 година. На конгресот била разгледана ситуацијата која настанала во светот по поразот на фашизмот и победата на демократските идеи. Било разгледано национално-ослободителното движење во светот и била усвоена Декларација на колонијалните народи, во која се предвидувало да почнат акции во кои би се мобилизирале сите поробени народи, бидејќи „денес постои само еден пат за ефикасна акција, организирање на масите. Кон таа борба организираните колонијалци (интелигенцијата на колониите) мора да се приклучат. Колонијални и зависни народи обединете сè“.[8]

По завршување на војната африканското колонијално движење се приближувало кон постигнување на своите цели. Но, при ова наишло на отпор од страна на колонијалните власти. Кога Италија ја загубила војната, нејзините колонии биле ставени под старателство на Велика Британија, додека мандатните територии преминале под старателство на ООН.

ООН одигра голема улога во процесот на деколонизација кој се интензивира по Втората светска војна. За реализација на зацртаните цели на 14 декември 1960 година е донесена Декларацијата на ООН за давање на независност на колонијалните земји и народи, која довела до зголемување на новоослободените земји.[9] Иницијатива за донесување на Декларацијата потекнала од СССР и некои афроазиски земји, кои го подготвиле текстот кој претставувал напредок во однос на Повелбата на ООН. Текстот на Декларацијата го проширувал текстот на Повелбата, односно оној дел кој се однесува на ова прашање и тоа „почитувајќи ја големата желба за слобода на сите зависни народи, одлучувачката улога на тие народи во стекнувањето на независноста. Свесни за растечкиот судир кој го повлекувал фактот на одрекување на слободите на овие народи и создавање на пречки кои претставувале сериозна опасност по светскиот мир, признавајќи дека народите во светот сакале крај на колонијализмот во сите негови манифестации и убедени дека одржувањето на колонијалните односи го спречуваат развојот на меѓународната економска соработка. ООН сметале дека слободата го носела општествениот, културниот и економскиот развој на зависните народи. Потврдувајќи дека народите можат слободно да располагаат со своите богатства и природни извори без штета од обврските кои произлегу-

[8] Ibid,89.

[9] Маргарита Пешевска, Op.cit.,132.

ваат од меѓународната економска соработка, било утврдено дека процесот на ослободување е незадржлив и неминовен и дека е цел да се избегнат сериозни кризи и треба да се стави крај на колонијализмот“.[10]

Во Декларацијата е нагласено дека кај ООН постои волја да помогне при тоа се вели дека:

„1. Непочитување на народите, доминација и странска експлоатација претставува откажување од човековите права што е во спротивност со Повелбата на Обединетите нации.

2. Сите народи имаат право на слободно определување и врз основа на тоа, слободно одлучуваат за својот економски, политички, културен и социјален развој.

3. Недостатокот на подготовки во политичките, економските и општествените области, да не бидат земени како изговор да се одложи независноста.

4. Ќе биде ставен крај на секоја вооружена акција насочена против зависните народи на тие територии, за да се овозможи да живеат во целосна независност и слобода.

5. Секој обид кој би имал за цел да го уништи националното единство и територијалниот интегритет на една земја, е спротивен на целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации.

6. Сите народи треба верно да ги извршуваат одредбите на Обединетите нации, универзалните декларации и оваа Декларација“.[11]

Декларацијата за давање на независност на колонијалните народи, била едногласно усвоена од голем број на членки на ООН со тоа што од гласање се воздржале: САД, Велика Британија, Франција, Белгија, Шпанија, Јужна Африка, Австралија, Доминиканската Република. Сите овие, освен Доминиканската Република биле колонијални сили и располагале со туѓи територии.

Со оваа Декларација која претставува историски акт, меѓународната заедница се изјасни за укинување на колонијализмот, а осамостоените држави, од годината на осамостојување биле примени за членки на ООН. Со тоа се променила структурата на Организацијата.

Во 1961 година е формиран Комитет за деколонизација во која влегле 24 земји и затоа е наречен „Комитет 24“.[12] Во 1963 год. во Танзанија е одржана Конференција на афро-азиска солидарност на која

[10] Dvadeset godina Ujedinjenih nacija. Beograd 1965, 56.
[11] Ibid, 57.
[12] Ibid, 133.

било побарана 1963 година да биде прогласена за година на дефинитивно рушење на колонијализмот во светот. Против овој предлог се спротивставиле Шпанија, Португалија и Јужна Африка.[13]

Голем придонес за ослободување на земјите од колонијалната власт, имала и Организацијата на африканското единство, основана во 1963 година во Адис Абеба. Во неа членувале сите африкански земји. На основачката конференција едногласно било усвоено барањето на сите учесници за целосна деколонизација на континентот, со што се изразило историското тежнение за ослободување на Африка од колонијализмот. На оваа Конференција била донесена Декларација за расна дискриминација и апардхејд и било одлучено да се даде ефикасна подршка на сите движења за да се ослободи целиот континент.

Африкански држави и земји на Средоземноморието и Средниот Исток кои ја остварија независноста се: Сирија (1941); Израел (1948); Либија (1949); Египет (1953); Тунис, Мароко и Судан (1956); Гана, Уганда, Камерунската република, Централно Африканската Република, Чад, Конго, Дахомеј, Габон, Брегот на Слоновата Коска, Малдашката Република, Република Сомалија (1960); Руанда (1961); Бурунди, Алжир, Јемен, Народна Република Јужен Јемен (1962) Кенија (1963): Малта (1964); Малави, Замбија, Танзанија (1964); Гамбија, Јужна Родезија (1965); Лесото (1966); Боцвана, Маурициус, Свазиленд (1868).

ООН на XXV-тото заседание, одржана на 24 октомври 1970 година донесе Декларација за начелото на меѓународното право за пријателски односи и соработка меѓу народите. Во овој документ како основни принципи биле наведени биле рамноправноста и правото на народите на самоопределување, чија примена во дело требало да доведе до крај на колонијализмот во светот.

Обединетите нации со своите активности го забрзале процесот на деколонизација. Од тие активности треба да се издвојат специјалните заседанија посветени на колонијалните проблеми; специјалните мисии во посета на колонијалните територии; заседанија на Советот за безбедности „Комитетот 24“; семинари, регионални собири, давање на материјална  и морална поддршка на ослободителните движења, повик на членките да ги прекинат дипломатските односи со земјите кои се спротивставувале на ослободување на колониите. Генералното собрание го осудило расизмот, апардхејдот, експлотација на природните богатства, искористување на трудот на локалното насе-

[13] Ibid.

ление и др. Биле осудени и колонијалните војни. Дефинитивно Генералното собрание ги признало легитимните барања на земјите кои се бореле против колонијализмот.

До 80-тите години на XX век, африканскиот континент се сметал дека има стратегиско значење за САД. Тоа довело до натпревар за придобивање на земјите од Африка од страна на САД и СССР. Затоа овие влади се наклонувале или кон едната или кон другата страна. Поради лошата управа, африканските лидери не ја искористиле помошта која доаѓала однадвор за да го развијат стопанството, отворање на нови работни места или унапредување на инфраструктурата на своите земји. Добиените пари ги користеле за удобен живот, за градба на палати, за тајни сметки во странство.

Но, по распаѓањето на СССР Западот особено САД изгубиле интерес за овие земји. Тие не само што не биле заинтересирани за давање на финансиска помош за смирување на немирите во овие земји, туку не биле заинтересирани за испраќање на свои војници во Африка. Во 90-тите година Африка е опфатена од граѓански војни и тоа во Сиера Леоне, Конго, Етиопија, Ангола, Судан, Сомалија и др. Незаинтересираноста на САД се гледа зошто тие не испратиле ни еден војник во судирите во Сиера Леоне, Конго или Зимбабве.

Борбите во Демократска Република Конго, на чело со Лорен Кабила уште се нарекува „Африканска прва светска војна". Раководејќи со бунтовничката армија, во 1997 година Кабила го смени од власт Мобуто Сесе Секо. Во таа пресметка, на Кабила му помагале сојузниците од Уганда и од Руанда. По неговото заземање на власта тој почнал жестока борба со дотогашните сојузници, а оваа војна се проширила и во други африкански држави. Сакајќи да ја смири положбата, Кабила оди во ООН, со цел со помош на Советот за безбедност да го реши овој конфликт. Било решено 5.000 мировници да бидат испратени во Конго со цел да се запрат борбите.

Во меѓувреме економската ситуација во Африка уште повеќе се влоши. Денес земјите на Африка живеат уште полошо отколку во времето кога ја добиле независноста. На овој континент има голем број на бегалци, болни луѓе на кој им се заканува еколошка катастрофа. Уништени се големи површини шуми, се зголемува пустинската површина, со што Африка се претворува во „црна дупка" на анархија.

Најкарактеристичен пример за хаотичната ситуација во Африка е Сомалија, чии проблеми датираат од 1991 година. По симнувањето од владетелот Мохамед Сиад Баре, оние кои го симнале, почнале да се борат меѓу себе. Со тоа земјата влегува во хаос и повеќегодиш-

на граѓанска војна. Светот во 1992 година се обидува да и помогне преку испраќање на хуманитарна помош и „Сини шлемови“ на ООН. Но, бунтовниците ги напаѓаа и мировниците на ООН и хуманитарците. Во 1993 година убиваат 18 американски војници, што беше повод сите странци да се повлечат од оваа држава. Цели девет години Сомалија функционира без влада. Лидерите на бунтовниците ги рашавале проблемите преку законите на посилните. Во август 2000 година се јави можност да се реши ситуацијата кога во Џибути биле избрани 245 членови на парламентот, кои на 26 август истата година го избрале Абдикасим Салад Хасан за претседател. Тој во Могадишу дошол во придружба на војници и борбени коли. Подршката на претседателот изостанала во областите Пунтланд и Сомалиланд, кои уште од 1991 година, прогласиле отцепување од Сомалија. Тие, овој период го поминале релативно помирно, па се плашеле повторно да не запливаат во граѓанска војна.

Со цел да се решат проблемите со расизмот, апардхејдот и човековите права во септември 2001 година беше свикана конференција на ООН во Дурбан во Јужна Африка. Но, поради напуштање на САД и Израел на оваа конференција не се постигнати поставените цели.

Според современите состојби останува заклучокот дека Африка, по завршување на студената војна треба да се сврти кон себе за самата да си помогне, без да се потпира на сили однадвор.

(Рецензент: *ӣроф. д-р Ачкоска Виолеӣа*)

Margarita PEŠEVSKA

# STRUGGLE FOR LIBERATION OF PEOPLE FROM ASIA AND AFRICA FROM COLONIAL POWER

## Abstract

*During the history, the colonial relations have gone through several phases. Each phase has its own characteristics. That depended on the possibilities of the colonist countries and the liberating spirit of the individual nations.*

*The colonial relations, regardless of the phase they go through, have several essential characteristics: high degree of exploitation, providing raw materials, acquiring wealth by clerks, law degree of accumulation, hoarding up the profit into the capital, economy stagnation of the colony and poverty of aboriginal people.*

*The process of decolonization was particularly activated after the World War Two and with the enacting of the Decree of UN which gives possibilities for liberation of the nations from the colonial power.*